*Велес*

**За вампирот**

У-т'аја к'уќа к'ајшто 'има в'ампир не-д'одева – у-т'ова м'аало к'ајшто-је, т'аму по-к'уќите д'одева. З'имал врчв'ичин'а м'ас 'от-куќи и н'осел у-к'уќата к'ајшто с'едел. Се-'ис... у-п'екмезот и м'едот. Да-си-н'ајдел р'абота, маг'арето го-ч'ешал у-т'аја к'уќа, к'ајшто 'отишол, низ-дв'орот го-раз'одуајал или го-ј'аал. "Се-н'асластил како-в'ампир на-п'екмес, 'има 'една р'еч. На-ж'ени кад'елќите им-ѓи-з'имал, ѓи-вл'екол по-чард'аците и по-дв'орот, и на-ср'ет-соба си-ѓи-нав'оѓале. "М'ори, гл'едаа̀ме на-св'еќата н'оќеска се-трк'алаше кл'опчето, ч'орапот се-вл'ечеше и с'аани испрев'ртени на'опаку си-ѓи-н'ајдоѝме". С'офра, с'ито, сѐ што-му-д'ојде д'о-рака ќе-т'ури на'опаку и мн'огу др'узи п'акости пр'ави. У-'еден п'етелот 'от-куќа му-го-'извадил 'от-потон и го-'оставил на-дв'орот, с'акал да-го-'однесе на-н'екаде з'ар. Вл'езуе и ф-с'оба, к'ајшто 'има м'аш и ж'ена, и з'а-гуша н'оќно вр'еме ѓи-ф'аќал. За-да-н'е-идел, на-вр'атата му-ст'авиле т'рн'е. Др'уѓи-пак и-'околу л'еглото ст'авале, оти-то-т'рн' го-стр'аело н'огу. Вамп'ирите им-ја-п'ијат к'рфта на-д'ецата от-п'алците на-н'озите од-н'октите. К'ајшто 'има в'ампир, со-д'ајрин'а, со-ќем'анин'а (и т'амбура) му-св'иреле, 'он ќе-д'ошол да-'игра, вампирџ'ијата ќе-го-'утепал и п'ихтија к'рф ќе-ст'ане. Со-вр'ела в'ода ќе-го-п'опарат да-не-се-повамп'ирила к'рфта. Ч'умата кога-б'ила, к'ажујат ст'ари, мн'огу в'ампири 'имало – т'огај еѓ'упците се-повампир'уеле. В'ампир ќе-те-н'алегне к'рфта да-ти-ја-'испие, и ч'овек 'умира. Н'еде Б'елје 'откај К'ојник б'еше к'ажујал: "н'оќеска 'еден в'ампир ме-н'алегна, та-т'ежина, т'ежина вр'и 'у-мене и н'е-можеф да-се-п'омрднам и 'издишам, го-б'уцнаф со-т'рн' и п'ихтија ст'ана".

(Т. Ецов)